РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАЗВОЈ НА ПАЗАРОТ ЗА **ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ** ВО ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ ОД 2020 ГОДИНА

2020

Содржина:

1. Вовед ... 6

1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2020 година ... 8

2. Фиксна телефонија ... 10

2.1 Вкупен број на фиксни линии ... 13

2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици ... 13

2.3 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација ... 14

3. Мобилна телефонија ... 19

3.1 Број на активни претплатници ... 21

3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали и приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) ... 23

3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник ... 25

3.4 Вкупен појдовен телефонски сообраќај ... 26

3.5 Испратени СМС и ММС пораки ... 30

4. Пристап до интернет ... 33

5. Пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници ... 42

6. Изнајмени линии ... 45

7. Преносливост на броеви ... 47

8. Пакети на услуги ... 49

9. Нотифицирани оператори ... 52

Содржина: Графикони и табели

Графикон 1 Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 31.12.2020 година) 7

Графикон 2 Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали 14

Графикон 3 Удел на оператори според фиксни линии (состојба на 31.12.2020 година) 15

Графикон 4 Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницирани од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2020 година. 16

Графикон 5 Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницирани од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2020 година. 17

Графикон 6-Број на активни претплатници по квартали во 2020 и 2019 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100 21

Графикон 7-Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во четвртиот квартал од 2020 година 22

Графикон 8- Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2020 година и 2019 година 23

Графикон 9-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) во четвртиот квартал од 2020 година 24

Графикон 10-Сооднос на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2020 и 2019 година 25
Графикон 11-Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницира од јавни мобилни мрежи по квартали во 2020 и 2019 година 26
Графикон 12-Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.12.2020 година) 27
Графикон 13- Удел по оператор според обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.12.2020 година) 27
Графикон 14-Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницира од јавна мобилна комуникациска мрежа во четвртиот и третиот квартал од 2020 година и во четвртиот квартал од 2019 година 28
Графикон 15 -Просечен број на повици (месечно) по претплатник иницирани во јавна мобилна телефонска мрежа во четвртиот и третиот квартал од 2020 година и четвртиот квартал од 2019 година 29
Графикон 16-Удел во однос на вкупниот број на испратени СМС пораки во четвртиот квартал од 2020 година 30
Графикон 17-Удел во однос на вкупниот број на испратени ММС пораки во четвртиот квартал од 2020 година 30
Графикон 18-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (големопродажно ниво) во четвртиот квартал од 2020 година 32
Графикон 19- Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во четвртиот квартал од 2020 година. 36
Графикон 20- Удел на операторите во количината на сообраќај (GB) остварен од активните претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во четвртиот квартал од 2020 година. 37
Графикон 21- Удел на операторите според приходи остварени од активните претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во четвртиот квартал од 2020 година. 37
Графикон 22- Удел на операторите во вкупниот број на активни M2M (machine to machine) СИМ картички во четвртиот квартал од 2020 година. 38
Графикон 23- Удел на операторите во количината на сообраќај (GB) остварен од активните M2M (machine to machine) СИМ картички во четвртиот квартал од 2020 година. 38
Графикон 24- Удел на операторите во вкупниот број на испратени СМС пораки од активните M2M (machine to machine) СИМ картички во четвртиот квартал од 2020 година. 39
Графикон 25- Удел на операторите според приходи остварени од активните M2M (machine to machine) СИМ картички во четвртиот квартал од 2020 година. 39
Графикон 26-Удел на бројот на претплатници на пристап до интернет по технологии во четвртиот квартал од 2020 година* 40
Графикон 27- Удел според бројот на активни претплатници со фиксен пристап до интернет со широк опсег по оператор на 31.12.2020 година 41
Графикон 28-Пренос на ТВ содржини до крајни корисници состојба во четвртиот квартал од 2020 година 44
Графикон 29-Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во четвртиот квартал од 2020 година 44
Графикон 30-Број на пренесени броеви (фиксни и мобилни) до 31.12.2020 година 47
Графикон 31- Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во фиксни мрежи (состојба на ден 31.12.2020 година) 48

Графикон 32- Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во мобилни мрежи (состојба на ден 31.12.2020 година) 48
Графикон 33- Сооднос на претплатници на поединечна услуга и услуга врзана во пакет (состојба на ден 31.12.2020 година) 50
Графикон 34-Удел по оператори според број на претплатници кои користат две електронски комуникациски услуги врзани во пакет во четвртиот квартал 2020 година 50
Графикон 35– Удел по оператори според број на претплатници кои користат три електронски комуникациски услуги врзани во пакет во четвртиот квартал 2020 година 51

Табела 1 Листа на услуги за нотификација на субјекти....6
Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2020 година....8
Табела 3 Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација....11
Табела 4 Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба (31.12.2020 година)....15
Табела 5 Просечно времетраење на иницран разговор по претплатник (во секунди) по квартали во 2020 и 2019 година....18
Табела 6 Индикатори- мобилна телефонија....19
Табела 7 Просечно времетраење на единечен повик по претплатник (во минути) поединечно по оператор....29
Табела 8 Индикатор- Големопродажба....31
Табела 9 Индикатори- Пристап до интернет со тесен опсег и широк опсег....34
Табела 10 Индикатори – Број на активни претплатници на широкопојасен пристап на интернет по пристапна брзина за четвртиот квартал од 2020 година....40
Табела 11 Индикатори- пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници....43
Табела 12 Индикатори- изнајмени линии....45
Табела 13 - Индикатори – Број на изнајмени линии на големопродажно ниво....46
Табела 14 - Индикатори – Услуги врзани во пакет* 49

Извештајот е од информативна природа. Истиот се базира на редовно собрани информации и финансиски податоци доставени до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на секои три месеци во форма на квартални извештаи за обезбедување на релевантни услуги согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување донесено од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 15.03.2016 година. Во извештајот се презентирани показатели кои се однесуваат исклучиво на состојбата на пазарот во наведеното тромесечје. АЕК не превзема одговорност за квалитетот на извештајот со податоци кои ги добива од операторите/давателите на услуги. Во некои случаи АЕК не може да ги утврди неправилностите во извештаите/ податоците се додека не направи споредба на повеќе последователни тромесечја. Врз основа на тоа, АЕК напоменува дека во сите табели се можни мали отстапувања од вистинитите податоци.

1. Вовед

Извештајот за развојот на пазарот на електронски комуникации е изготвен врз основа на информациите и податоците доставени од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги во форма на квартални извештаи согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување 1303-1206/1 од 15.03.2016 година како и други податоци со кои располага Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК).

Согласно службената евиденција на АЕК за нотифицирани и активни учесници на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во четвртиот квартал од 2020 година се содржани следниве податоци:

<u>Табела 1</u> Листа на услуги за нотификација на субјекти

Услуги за нотификација на субјекти		
У1	Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација	
	Нотифицирани – 19	**Активни – 17**
У2	Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа	
	Нотифицирани – 11	**Активни - 5**
У3	Меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај	
	Нотифицирани – 23	**Активни – 23**
У4	Услуги за пренос на податоци и тоа со: теснопојасен пристап на интернет или широкопојасен пристап на интернет	
	Нотифицирани – 90	**Активни - 81**
У5	Услуги поврзани со радиодифузија, како што се: пренос и емитување на терестријални радио програмски сервиси, пренос и емитување на терестријални телевизиски програмски сервиси, реемитување на радио програмски сервиси, реемитување на телевизиски програмски сервиси	
	Нотифицирани – 48	**Активни - 43**
У6	Услуги на давање јавна електронска комуникациска мрежа под наем: преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии, пристап до мрежни елементи и придружни средства и други видови на пристап.	
	Нотифицирани – 47	**Активни - 24**
У7	Други услуги	
	Нотифицирани – 11	**Активни – 11**



<u>Графикон 1</u> Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 31.12.2020 година)

1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2020 година

Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2020 година

	ИНДИКАТОР	Q4 2020	Q3 2020	Промена (%)	Q4 2019	Промена (%)
1.	Вкупен број на фиксни линии (сите технологии)	415.390	408.618	1,66%	400.454	3,73%
2.	Број на фиксни линии според популација 100	20,00	19,68	1,63%	19,27	3,79%
3.	Вкупен број на активни претплатници во мобилна телефонија	1.862.138	1.833.689	1,55%	1.921.013	-3,06%
4.	Број на активни претплатници во мобилна телефонија според популација 100	89,68	88,31	1,55%	92,48	-3,03%
5.	Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег (не се вклучени претплатници преку мобилни уреди)	475.569	462.476	2,83%	454.300	4,68%
6.	Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилни мрежи (2G/3G/4G)	1.371.660	1.348.663	1,71%	1.352.556	1,41%
7.	Вкупен број на претплатници на ТВ-Услуги	420.182	417.078	0,74%	418.323	0,44%

Во табелата 2 се дадени главните индикатори за пазарот на електронски комуникации во Република Македонија за четвртиот квартал од 2020 година и третиот квартал од 2020 година и промената во проценти и за четвртиот квартал во 2019 година, како и промената изразена во проценти.

Вредноста на показателите број на активни претплатници според популација 100, дадени во табелата 2 за четвртиот и третиот квартал од 2020 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2019 година која изнесува 2.076.255 жители додека за четвртиот квартал од 2019 година е пресметан според проценката од 31.12.2018 година која изнесува 2.077.132 жители.

При презентирање на бројот на активни линии/бројот на претплатници од особено значење е дефиницијата на активни претплатници особено од аспект на временскиот период релевантен за дефинирање на активен претплатник кој се движи во рамки од 3 месеци до 12

месеци. Во целиот извештај податоците за бројот на активни линии/претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Дефинициите за активен претплатник на релевантна услуга се дадени во Упатството за обезбедување на информации и податоци за анализа на пазар.

2. Фиксна телефонија

Од 19 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во четвртиот квартал од 2020 година 17 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација, и тоа:

1. Македонски Телеком-Скопје,
2. А1 Македонија- Скопје,
3. Роби- Штип,
4. Неотел- Скопје,
5. Инфел Нет Плус- Охрид,
6. Актон-Скопје,
7. Турк Телеком Интернатионал - Скопје,
8. Алтра Сат-Охрид,
9. ФНС Глобал – Скопје,
10. Интерспаце – Скопје,
11. Фреемобиле – Скопје,
12. Мултимедија – Гостивар,
13. КДС-ВТ – Пробиштип,
14. МТЕЛ Г- Скопје,
15. Детел – М-Кавадарци,
16. ГОУ Нет – Скопје,
17. Софтнет ЕУ – Скопје.

<u>Табела 3</u> Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација

ИНДИКАТОР		Q4 2020	Q3 2020	Промена (%)	Q4 2019	Промена (%)
1.	Вкупен број на фиксни линии (сите технологии)	415.390	408.618	1,66%	400.454	3,73%
-резиденцијални		366.361	360.376	1,66%	353.307	3,69%
-деловни		49.029	48.242	1,63%	47.147	3,99%
2.	Поделба на фиксни линии -според технологии	415.390	408.618	1,66%	400.454	3,73%
2.1.	Бакар аналогни PSTN линии	1.159	1.284	-9,74%	1.572	-26,27%
-резиденцијални		646	756	-14,55%	987	-34,55%
-деловни		513	528	-2,84%	585	-12,31%
2.2.	Бакар ISDN линии	314	310	1,29%	283	10,95%
-резиденцијални		0	0	/	0	/
-деловни		314	310	1,29%	283	10,95%
2.3.	Бакар ISDN BRA линии	314	310	1,29%	283	10,95%
-резиденцијални		0	0	/	0	/
-деловни		314	310	1,29%	283	10,95%
2.4.	Телефонска линија со 2 канали - бак	1.992	2.090	-4,69%	2.435	-18,19%
-резиденцијални		10	12	-16,67%	18	-44,44%
-деловни		1.982	2.078	-4,62%	2.435	-18,60%
2.5.	Бакар ISDN PRA-линии	0	0	/	0	/
-деловни		0	0	/	0	/
2.6.	Телефоска линија со 10, 20 и 30 канали- бакар VoIP	174	178	-2,25%	186	-6,45%
-деловни		174	178	-2,25%	186	-6,45%
2.7	Бакар (VoIP)	151.219	152.936	-1,12%	160.847	-5,99%
-резиденцијални		133.031	134.444	-1,05%	141.173	-5,77%
-деловни		18.188	18.492	-1,64%	19.674	-7,55%
2.8.	Линии преку безжични технологии	73.360	69.903	4,95%	62.676	17,05%
-резиденцијални		66.550	63.702	4,47%	57.648	15,44%
-деловни		6.810	6.201	9,82%	5.028	35,44%
2.8.1	WiMax (VoIP)	3.155	3.200	-1,41%	3.414	-7,59%
-резиденцијални		2.822	2.861	-1,36%	3.068	-8,02%
-деловни		333	339	-1,77%	346	-3,76%
2.8.2	Преку мобилни комуникациски мрежи	69.443	65.936	5,32%	59.118	17,47%
-резиденцијални		62.981	60.091	4,81%	54.459	15,65%
-деловни		6.462	5.845	10,56%	4.659	38,70%
2.8.3	Wi-Fi (VoIP)	762	767	-0,65%	144	429,17%
-резиденцијални		747	750	-0,40%	121	517,36%
-деловни		15	17	-11,76%	23	-34,78%

ИНДИКАТОР		Q4 2020	Q3 2020	Промена (%)	Q4 2019	Промена (%)
2.9.1	Линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 1x2.0 (VoIP)	24.018	27.342	-12,16%	30.403	-21,00%
-резиденцијални		23.495	24.633	-4,62%	27.425	-14,33%
-деловни		523	2.709	-80,69%	2.978	-82,44%
2.9.2	Линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 3.0 (VoIP)	76.967	72.295	6,46%	69.832	10,22%
-резиденцијални		69.971	67.644	3,44%	65.585	6,69%
-деловни		6.996	4.651	50,42%	4.247	64,73%
2.10	LAN (VoIP)	14.277	14.414	-0,95%	13.037	9,51%
-резиденцијални		12.976	13.112	-1,04%	11.922	8,84%
-деловни		1.301	1.302	-0,08%	1.115	16,68%
2.11	FTTx (VoIP)	71.910	67.866	5,96%	59.183	21,50%
-резиденцијални		59.682	56.037	6,50%	48.549	22,93%
-деловни		12.228	11.793	3,69%	10.634	14,99%
3.	Вкупен број на корисници на услуга избор на оператор	/	/	/	/	/
4.	Вкупен број на корисници на услуга предизбор на оператор	/	/	/	283	/
5.	Вкупен број на повици	12.166.912	12.049.351	0,98%	15.692.811	-22,47%
-број на повици во сопствена фиксна мрежа		4.799.053	4.849.786	-1,05%	6.157.584	-22,06%
-број на повици во сопствена мобилна мрежа		3.097.766	2.922.265	6,01%	3.723.319	-16,80%
-број на повици кон други фиксни мрежи во РМ		1.910.667	1.978.562	-3,43%	3.044.587	-37,24%
-број на повици кон други мобилни мрежи во РМ		2.195.893	2.085.573	5,29%	2.435.199	-9,83%
-број на повици кон мрежи во странски држави		163.533	213.165	-23,28%	332.122	-50,76%
6.	Вкупен обем на телефонски сообраќај (во минути)	39.238.760	36.812.478	6,59%	41.419.181	-5,26%
-Вкупен сообраќај во сопствена фиксна мрежа		17.311.779	16.375.287	5,72%	18.032.639	-4,00%
-Вкупен сообраќај во сопствена мобилна мрежа		7.575.339	7.138.821	6,11%	7.645.966	-0,92%
-Вкупен сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ		7.963.526	7.492.526	6,29%	9.628.294	-17,29%
-Вкупен сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ		5.744.972	5.148.691	11,58%	5.125.363	12,09%
-Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави		643.144	657.153	-2,13%	986.919	-34,83%
7	Вкупен обем на сообраќај со услугата избор и предизбор на оператор	/	/	/	286.141	/
8	Вкупен обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација (во минути) (национално завршување на повик)	45.661.776	45.569.179	0,20%	48.201.942	-5,27%
9	Вкупен обем на телефонски сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација (во минути) единечен транзит	20.550.552	18.283.957	12,40%	12.145.513	69,20%

2.1 Вкупен број на фиксни линии

Вкупниот број на фиксни линии претставени во табелата 3 се дадени по технологии и број на фиксни линии по видот на претплатници (резиденцијални или деловни). Во табела 3 е прикажана состојбата на пазарот на фиксна телефонија според број на фиксни линии (технологии и видови на претплатници) и реализиран телефонски сообраќај во број на повици и минути.

Од точка бр.1 од табелата може да се забележи дека на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација бројот на фиксни линии (сите технологии) во четвртиот квартал од 2020 година е зголемен за 1,66% во споредба со третиот квартал од 2020 година додека пак споредено со четвртиот квартал од 2019 година бројот е зголемен за 3,73%.

Бројот на PSTN линиите во однос на претходниот квартал е намален за 9,74% додека во однос на четвртиот квартал од 2019 година ова намалување изнесува 26,27%, бројот на ISDN линиите бележат зголемување од 1,29% во однос на третиот квартал од 2020 година додека во однос на четвртиот квартал од 2019 година се забележува зголемување од 10,95%. Бројот на (VoIP) линии преку бакарна мрежа се намалил за 5,99% за периодот од една година.

Како што може да се забележи од табелата бројот на линии преку безжични технологии во четвртиот квартал од 2020 година изнесува 73.360 односно може да се забележи раст од 4,95% во однос на претходниот квартал и раст од 17,05% во однос на четвртиот квартал од 2019 година.

Линиите преку коаксијална мрежа DOCSIS 1x2.0 (VoIP) бележат пад од 12,16% во однос на претходниот квартал додека линиите преку коаксијална мрежа DOCSIS 3.0 (VoIP) бележат раст од 6,46% во однос на истиот квартал.

Бројот на линии преку LAN мрежа изнесува 14.277 и бележат пад од 0,95% во однос на третиот квартал од 2020 година додека во однос на четвртиот квартал од 2019 година се забележува раст од 9,51%.

Голем дел од кабелските оператори ја изнајмуваат својата мрежа на нотифицираните оператори кои се активни на пазарот на фиксна телефонија и ја обезбедуваат услугата на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Така на операторот Неотел неколку кабелски оператори кои дејствуваат на определени подрачја во Република Македонија му ја изнајмуваат својата мрежа како на пример: Кабел Нет- Прилеп, Канал 16- Ресен, Г-КТВ-Струга, Спајдер- Гевгелија, Пирамида- Делчево, Вива Нет- Берово, Инел Техник- Кавадарци и други.

Како што може да се забележи од табелата во четвртиот квартал од 2020 година бројот на линии преку оптичка мрежа (FTTH) кој изнесува 71.910 бележи раст од 21,50% за период од една година додека за периодот од еден квартал се забележува раст од 5,96%.

Услугата предизбор на оператор не се користи од страна на алтернативните оператори со почеток од третиот квартал од 2020 година.

2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици

Во точка бр.6 од табелата е даден вкупниот појдовен сообраќај во минути на пазарот на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација. Целокупниот обем на сообраќај во четвртиот квартал од 2020 година во однос на истиот квартал од претходната година бележи пад од 5,26%, додека во однос на третиот квартал од 2020 година бележи раст од 6,59%. Во однос на вкупниот број на појдовни повици споредено со четвртиот квартал од

2019 година се забележува пад од 22,47%, додека во однос на третиот квартал од 2020 година бројот на повици е зголемен за 0,98%.

2.3 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација.

Во точка бр.8 од табелата е даден вкупниот обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација кој во четвртиот квартал од 2020 година изнесува 45.661776 минути, односно забележува раст од 0,20% во однос на претходниот квартал и пад од 5,27% во однос на четвртиот квартал од 2019 година. Во точка бр.9 од табелата е даден сообраќајот кој што транзитира низ мрежи на фиксна локација (единечен транзит) во четвртиот квартал од 2020 година кој изнесува изнесува 20.550.552 минути и во однос на претходниот квартал бележи раст од 12,40% додека во однос на четвртиот квартал од 2019 година раст од 69,20%.



<u>Графикон 2</u> Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали

Во графиконот бр.2 се прикажани бројот на фиксни линии и промена на индикатор број на фиксни линии според популација 100 на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација во текот на сите четири квартали од 2020 година и четвртиот квартал од 2019 година. Воочливо е дека бројот на фиксни линии според популација 100 во погоре прикажаните квартали се движи во дијапазон од 19% до 20% при што вредноста на индикаторот е највисока во четвртиот квартал од 2020 година и изнесува 20,00% додека најниска е во четвртиот квартал од 2019 година и изнесува 19,27%.

Вредноста на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 за сите четири квартали од 2020 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2019 година која изнесува 2.076.255 жители додека за четвртиот квартал од 2019 година е пресметан според проценката од 31.12.2018 година која изнесува 2.077.132 жители.

Бр.	ОПЕРАТОР	Q4 2020	Q3 2020	Разлика (%)	Q4 2019	Разлика (%)
1	Македонски Телеком	53,21%	53,41%	-0,20%	53,89%	-0,68%
2	А1 Македонија	38,78%	38,29%	0,49%	37,39%	1,39%
3	Неотел	2,56%	2,63%	-0,07%	2,68%	-0,12%
4	Роби	4,80%	4,98%	-0,18%	5,30%	-0,50%
5	Инфел Нет Плус	0,65%	0,69%	-0,04%	0,74%	-0,09%
		Q4 2020	**Q3 2020**	**Промена (%)**	**Q4 2019**	**Промена (%)**
СМП оператор		53,21%	53,41%	+/-0,20%	53,89%	+/-0,68%
Алтернативни оператори		46,79%	46,59%		46,11%	

<u>Табела 4</u> Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба (31.12.2020 година)

Во табелата 4 е прикажан уделот на алтернативните оператори/даватели на услуги според фиксни линии. Почнувајќи од вториот квартал во 2008 година на пазарот влегуваат најголем дел од алтернативните оператори/даватели на услуги кои со текот на времето го зголемуваат своето учество (според претплатници, приходи и сообраќај) на пазарот на фиксна телефонија, што не е исклучок и за 2020 година. Во четвртиот квартал од 2020 година уделот на алтернативните оператори според број на фиксни линии изнесува 46,79% што во однос на претходниот квартал преставува раст за 0,20 процентуални поени.



<u>Графикон 3</u> Удел на оператори според фиксни линии (состојба на 31.12.2020 година)

Во Графиконот бр. 3 е даден уделот на операторите/даватели на услуги според фиксни линии во четвртиот квартал од 2020 година. Во вкупниот број на фиксни линии учеството на Македонски Телеком (СМП Операторот) е 53,21%, додека од алтернативните оператори/ даватели на услуги најголемо учество има А1 Македонија со 38,78%, понатаму следуваат: Роби (4,80%), Неотел (2,56%) и Инфел Нет Плус (0,66%).



<u>Графикон 4</u> Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2020 година.

Во графиконот бр. 4 е даден просечниот број на повици (месечно) иницирани во јавна телефонска мрежа на фиксна локација по претплатник во четвртиот квартал од 2020 година и третиот квартал од 2020 година и четвртиот квартал од 2019 година. Како што може да се забележи од графиконот во четвртиот квартал од 2020 година претплатниците просечно иницирале 9,76 повици месечно. Најголем дел се остварува во сопствена фиксна мрежа и изнесува 3,85 повици (39,44%). Бројот на повици кон други фиксни мрежи во РМ изнесува 1,53 повици (15,70%) во сопствена мобилна мрежа бројот на повици е 2,49 (25,46%) додека пак кон други мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесуваа 1,76 повици (18,05%) односно 0,13 повици (1,34%) кон мрежи во странски држави. Споредено со третиот квартал од 2020 година може да се забележи зголемување на бројот на повици во сопствена мобилна мрежа и кон други мобилни мрежи, споредено и со четвртиот квартал од 2019 година може да се забележи намалување на бројот на повици кон сите дестинации.



<u>Графикон 5</u> Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2020 година.

Во графиконот бр. 5 е даден просечниот обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2020 година и третиот квартал од 2020 година и четвртиот квартал од 2019 година. Како што може да се забележи од графиконот во четвртиот квартал од 2020 година претплатниците просечно зборуваат 31,49 минути. Најголем дел се остварува во сопствена фиксна мрежа и изнесува 13,89 минути (44,12%). Сообраќајот кон други фиксни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 6,39 минути (20,30%) сообраќајот во сопствена мобилна мрежа изнесува 6,08 минути (19,31%) додека пак сообраќајот кон други мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 4,61 минути (14,64%) односно 0,52 минути (1,64%) кон мрежи во странски држави. Споредено со третиот квартал од 2020 година може да се забележи зголемување на волуменот на сообраќај кон сите дестинации со исклучок на сообраќајот кон мрежи во странски држави, додека споредено со четвртиот квартал од 2019 година може да се забележи намалување на волуменот на сообраќај кон сите дестинации со исклучок на сообраќајот кон други мобилни мрежи.

Бр.	ОПЕРАТОР	Q4 2020	Q3 2020	Промена (%)	Q4 2019	Промена (%)
1	Македонски Телеком	182	175	4,00%	154	18,18%
2	А1 Македонија	241	218	10,55%	171	40,94%
3	Неотел	153	150	2,00%	130	17,69%
4	Роби	306	279	9,68%	218	40,37%
5	Инфел Нет Плус	131	82	59,76%	80	63,75%

Табела 5 Просечно времетраење на иницран разговор по претплатник (во секунди) по квартали во 2020 и 2019 година

Во табела 5 е дадено просечното времетраење на иницран разговор по претплатник на сите оператори кои обезбедуваат јавно достапни телефонски услуги на фиксни локации за четвртиот квартал од 2020 година и третиот квартал од 2020 година и промената во проценти (%) и четвртиот квартал од 2019 година и промената во проценти (%).

Истиот е пресметан врз основа на обемот на сообраќај од иницирани повици (во минути) поделен со бројот на повици кај релевантниот оператор. Како што може да се забележи од табелата во четвртиот квартал од 2020 година кај просечното времетраење на иницран разговор по претплатник во однос на претходниот квартал раст бележи сите оператори.

3. Мобилна телефонија

Од 11 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во четвртиот квартал од 2020 година 5 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа и тоа:

1. Македонски Телеком АД Скопје,
2. А1 Македонија Скопје,
3. Лајкамобајл – Скопје,
4. Роби – Штип,
5. Греен Мобиле – Прилеп.

<u>Табела 6</u> Индикатори- мобилна телефонија

Бр	ИНДИКАТОР	Q4 2020	Q3 2020	Промена (%)	Q4 2019	Промена (%)
1.	Број на активни претплатници во мобилна телефонија	1.862.138	1.833.689	1,55%	1.921.013	-3,06%
-резиденцијални при-пеид претплатници		738.956	719.455	2,71%	826.756	-10,62%
-резиденцијални пост-пеид претплатници		874.834	861.922	1,50%	842.846	3,80%
-деловни пост-пеид претплатници		248.348	252.312	-1,57%	251.411	-1,22%
2.	Број на испратени SMS пораки	66.796.636	71.925.002	-7,13%	90.384.031	-26,10%
3.	Број на испратени MMS пораки	383.628	366.971	4,54%	301.939	27,05%
4.	Вкупен реализиран сообраќај (минути)	1.589.901.314	1.480.594.648	7,38%	1.376.433.117	15,51%
-Вкупен сообраќај во сопствена мобилна комуникациска мрежа		1.047.118.309	985.301.562	6,27%	938.784.953	11,54%
-Вкупен сообраќај во сопствена фиксна комуникациска мрежа		14.874.080	14.028.556	6,03%	12.644.999	17,63%
-Вкупен сообраќај кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ		507.405.540	461.985.345	9,83%	406.704.315	24,76%
-Вкупен сообраќај кон други фиксни комуникациски мрежи во РМ		16.885.582	15.369.547	9,86%	13.705.426	23,20%
-Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави		2.788.020	2.909.047	-4,16%	3.153.328	-11,58%
-Вкупен сообраќај остварен од претплатници на домашен оператор кои роамирале надвор од државата		829.783	1.000.591	-17,07%	1.440.096	-42,38%
6.	Вкупен број на повици во мобилни комуникациски мрежи	640.723.250	643.071.102	-0,37%	648.820.044	-1,25%
-Вкупен број на повици во сопствена мобилна комуникациска мрежа		423.291.274	426.532.611	-0,76%	440.207.925	-3,84%
-Вкупен број на повици во сопствена фиксна комуникациска мрежа		7.664.156	7.441.701	2,99%	7.794.105	-1,67%
-Вкупен број на повици кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ		201.558.012	201.283.858	0,14%	193.032.344	4,42%
-Вкупен број на повици кон фиксни комуникациски мрежи во РМ		7.298.085	6.856.137	6,45%	6.600.472	10,57%
-Вкупен број на повици кон мрежи во странски држави		911.723	956.795	-4,71%	1.185.198	-23,07%

Во Табела бр.6 се дадени индикатори од пазарот на мобилна телефонија - Малопродажба каде податоците се дадени за четвртиот квартал од 2020 година и третиот квартал од 2020 година и промената во % и четвртиот квартал од 2019 година и промената во %. Од неа се согледува процентуалниот раст од 1,55% на бројот на активни претплатници во мобилната телефонија во четвртиот квартал од 2020 во однос на претходниот квартал и падот од 3,06% во однос на истиот квартал од претходната година. Бројот на резиденцијалните пост-пеид претплатници бележат раст од 1,50% од претходниот квартал додека во однос на истиот квартал од претходната година се забележува раст од 3,80%, деловните бележат пад од 1,57% во однос на претходниот квартал додека во однос на четвртиот квартал од 2019 година се забележува пад од 1,22%.

Од табелата може да се забележи намалување на бројот на испратени СМС пораки во однос на третиот квартал од 2020 година од 7,13%. Кај вкупниот број на испратени ММС пораки во четвртиот квартал од 2020 година има раст од 4,54% во однос на претходниот квартал и раст од 27,05% споредено со четвртиот квартал од 2019 година.

Кај вкупно реализираниот сообраќај во минути има раст од 7,38% во однос на минатиот квартал и раст од 15,51% во однос на четвртиот квартал од 2019 година.

Кај вкупниот број на реализирани повици во мобилни комуникациски мрежи може да се забележи пад од 0,37% во однос на претходниот квартал и пад од 1,25% во однос на четвртиот квартал од 2019 година.

3.1 Број на активни претплатници



Графикон 6-Број на активни претплатници по квартали во 2020 и 2019 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100

Во графиконот бр.6 е претставен бројот на активни претплатници во мобилна телефонија и бројот на активни претплатници според популација 100 во текот на сите четири квартали од 2020 година и четвртиот квартал од 2019 година. . Вредноста на индикаторот бројот на активни претплатници според популација 100 за сите четири квартали од 2020 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2019 година која изнесува 2.076.255 жители додека за четвртиот квартал од 2019 година е пресметан според проценката од 31.12.2018 година која изнесува 2.077.132 жители.

Воедно податоците за бројот на претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Под електронски комуникациски настан се смета повик, одговор на повик, испраќање на порака, испраќање на податоци (вклучително и GPRS) или вршење на други услуги (плаќање на месечна претплата, плаќање на ваучер за при-пеид и.т.н). На 31.12.2020 година четирите оператори имаат вкупно 1.862.138 активни претплатници.



Графикон 7-Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во четвртиот квартал од 2020 година

Податоците од Графиконот бр.7 за уделот на мобилните оператори на пазарот на мобилна телефонија по број на активни претплатници (состојба на 31.12.2020 година) покажува дека А1 Македонија учествува со 49,76%, Македонски Телеком учествува со 47,12% Лајкамобајл има пазарен удел од 1,99%, Роби има пазарен удел од 1,12% додека Грeен Мобиле има пазарен удел од 0,01% во вкупниот број на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан.

3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали и приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво)



Графикон 8- Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2020 година и 2019 година

Од графиконот бр.8 може да се види учеството на мобилните оператори за сите четири квартали од 2020 година. Од графиконот може да се забележи дека за период од четири квартали Македонски Телеком бележи пад од 0,19 процентуални поени, А1 Македонија бележи пад од 0,11 процентуални поени додека Лајкамобајл бележи раст од 0,03 процентуални поени за период од четири квартали. Операторот ТРД Роби во истиот период забележува раст од 0,25 процентуални поени.



Графикон 9-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) во четвртиот квартал од 2020 година

Во графиконот бр.9 е даден пазарниот удел на мобилните оператори во РМ во приходите остварени од обезбедување на мобилни комуникациски услуги на малопродажниот пазар за четвртиот квартал од 2020 година. Како што може да се забележи од графиконот најголем пазарниот удел има Македонски Телеком со 51,70% додека А1 Македонија има пазарен удел од 47,02%, Лајкамобајл има удел од 0,40% Роби има удел од 0,87% додека Грeен Мобиле има удел од 0,01%. Пазарните удели се пресметани за вкупниот приход кој претставува сума од приходи од: услуга за започнување на повик, од месечна претплата, од пренос на податоци, од терминална опрема, од СМС, од ММС, од роаминг (сообраќај, СМС и дата) и останати приходи.

3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник



Графикон 10-Сооднос на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2020 и 2019 година

Во графиконот бр.10 е претставен соодносот на при-пеид и пост-пеид претплатниците за 2020 година и 2019 година. Од графиконот може да се забележи дека во четвртиот квартал 2020 година доаѓа до намалување на пазарниот удел на пост-пеид претплатниците за 0,44 процентуални поени споредено со претходниот квартал, во овој период за истата вредност е зголемен уделот на пре-пеид претплатниците.

3.4 Вкупен појдовен телефонски сообраќај



	2019/4 квартал	2020/1 квартал	2020/2 квартал	2020/3 квартал	2020/4 квартал
Сообраќај во сопствена мобилна мрежа	938.784,9	903.174,0	969.153,8	985.301,5	1.047.118,3
Сообраќај во сопствена фиксна мрежа	12.644,9	11.923,0	13.264,0	14.028,5	14.874,0
Сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ	406.704,3	405.122,7	452.393,7	461.985,3	507.405,5
Сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ	13.705,4	13.343,2	14.248,5	15.369,5	16.885,5
Сообраќај кон мрежи во странски држави	3.153,3	3.475,4	2.898,1	2.909,0	2.788,0

Графикон 11-Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницран од јавни мобилни мрежи по квартали во 2020 и 2019 година

Во Графиконот бр.11 е даден обемот на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницран од јавни мобилни мрежи во 2020 и 2019 година. Од графиконот може да се забележи поголем обем на појдовен сообраќај во сопствена мобилна мрежа отколку кон други мобилни мрежи. Појдовниот сообраќај во сопствена фиксна мрежа, кон други фиксни телефонски мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави е со значително помал обем.



Графикон 12-Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.12.2020 година)

Во Графиконот бр.12 е даден уделот на реализираниот појдовен сообраќај (%) иницран од јавни мобилни мрежи во четвртиот квартал од 2020 година. Од графиконот може да се забележи дека најголем процент односно 65,89% отпаѓа на вкупниот иницран сообраќај кој завршува во сопствена мобилна мрежа. Вкупниот појдовен сообраќај кој завршува во други мобилни мрежи во РМ учествува со 31,93% во вкупниот реализиран појдовен сообраќај. Појдовен сообраќај кој завршува во сопствена фиксна мрежа учествува со 0,94%. Сообраќајот кон други фиксни мрежи во РМ и мрежи во странски држави учествува со 1,06% (кон други фиксни мрежи) и 0,18% (кон мрежи во странски држави) во вкупниот реализиран појдовен сообраќај.



Графикон 13- Удел по оператор според обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.12.2020 година)

Во Графиконот бр.13 е даден уделот по оператор според обем на реализиран појдовен сообраќај за четвртиот квартал од 2020 година. Од графиконот може да се забележи дека А1 Македонија учествува со пазарен удел од 60,14%, Македонски Телеком учествува со 38,02% Роби учествува со 1,23%, Лајкамобајл со 0,67% додека учеството на Греен Мобиле е 0,01%



Графикон 14-Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницран од јавна мобилна комуникациска мрежа во четвртиот и третиот квартал од 2020 година и во четвртиот квартал од 2019 година

